**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИЛМСКА И ТВ РЕЖИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 30.04.2025 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија , 60803 Фраскатиева класификација,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија**, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 11.04.2025 година*,* се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Горан Бјелановиќ.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Проф. Роберт Јанкулоски**
**Проф. Сашо Павловски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Горан Бјелановиќ, магистер по филмска и ТВ режија, е роден на 1 јануари 1961 година во Андријевица. Тој претставува значајна фигура во културниот живот на Црна Гора и пошироко, со повеќедецениско творечко присуство на филмската, театарската и книжевната сцена. Покрај својата режисерска работа, Бјелановиќ се истакнува и како поет, прозен автор, драмски писател и сценарист, со значаен опус во литературата за деца и возрасни.

Неговата книжевна продукција опфаќа низа значајни дела, меѓу кои се издвојуваат: збирката кратки раскази *„Три хиљаде у соби са гумом“*, збирката поезија за деца *„Кућица за птице“*, како и поетската книга *„Механизам ветра“*. Неговото книжевно творештво опфаќа и збирката *„Принц од шуме“*, која содржи поезија и драма, а драмата *„Успавани Дједа Мраз“* е преведена на руски и англиски јазик. Песните на Бјелановиќ се објавувани

во бројни антологии и реномирани книжевни списанија, а неговата поезија му донела и бројни награди.

На полето на филмот, Горан Бјелановиќ има остварено значајни успеси. Добитник е на наградата „Бошко Пушоњиќ“ за документарниот филм *„Национални паркови Црне Горе“* (2007), како и на трета награда на Интерналционалниот фестивал *Јахорина филм фест* за филмот *„Сјеверна бајка“* (2010). Истиот филм ја доби и престижната *Grand Prix* награда на *International Tour Film Festival Lecco* (2011). Неговиот краткометражен игран филм *„Руже“* беше селектиран во официјалната програма на филмскиот фестивал во Кан (2013), а документарниот филм *„Пераст – светост и светлост“* беше награден како најдобар документарен филм на SEE фестивалот во Париз (2015). Со филмот *„Балкански Де мол“* доби специјална награда на *Јахорина филм фест* (2020) и диплома „Златен витез“ на светската смотра на филмски остварувања во Севастопол (2021).

Во театарот, неговите режисерски дела се исто така високо вреднувани. Претставата *„Идемо у ЛОВ“* беше наградена со прва награда за најдобра режија и најдобра претстава на ФДА Бијело Поље (2015), додека *„Одјеци“* ги освои истите награди следната година (2016). Заедно со актерската екипа, Бјелановиќ доби и „Златна маска“ за колективна игра на Фестивалот на фестивали во Требиње (2016). Истиот период ја доби и наградата за најдобра режија на репертоарски фестивал во Уб, како и признание од Општина Беране за развојот на театарскиот живот.

Како сценарист, е добитник на меѓународни признанија за сценаријата на филмовите *„Руже“*, *„Сјеверна бајка“*, *„Балкански Де мол“*, како и за театарските дела *„Идемо у лов“*, *„Час“* и монодрамата *„Какав аплауз Марија“*.

Бјелановиќ е автор и режисер на повеќе свечени академии од културно-национално значење, меѓу кои се: Академијата по повод ослободувањето на Будва (2018), Светосавската академија (2019), академијата за осветување на манастирот Подластва (2019), како и свеченостите по повод стогодишнината од смртта на кралот Никола I Петровиќ Његош (Никшиќ, 2021) и по повод роденденот на Његош (Никшиќ, 2023).

Во институционалната сфера, Бјелановиќ беше директор на ЈУ Црногорска кинотека (2021–2024), а неговата професионална кариера вклучува и значајни уреднички позиции во повеќе телевизиски станици, меѓу кои ТВ Елмаг, ТВ Ју Инфо и ТВ „Сун“. Работел и како новинар, критичар и уредник во разни книжевни и културни списанија, а се истакна и како водител на детската емисија *„Добро јутро другари“* на РТЦГ.

Во јавниот сектор, тој ја вршел функцијата советник за култура во Општина Бијело Поље, а во академската сфера, работел како професор по документарен филм на Факултетот за драмски уметности на Цетиње.

Горан Бјелановиќ е редовен член на Православната академија на науки, уметности и иновации на Србија (ПАНУВИУС), како и член на Здружението на книжевници на Црна Гора.

Со своето повеќестрано творештво, оставил длабок печат во културниот живот на Црна Гора и пошироко, а неговото дело останува значајна придобивка за современата црногорска културна и уметничка сцена.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Горан Бјелановиќ** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Доцент** по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш,**

_____________________________

**Проф. Роберт Јанкулоски,**

_________________________________

**Проф. Сашо Павловски,**

_________________________________

**Скопје, 16.05.2025**